Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јануари 2024 година

Скопје, јануари 2024 година

# З А П И С Н И К
## од Двесте и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јануари 2024 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 17:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии.

На седницата не учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 11 јануари 2024 година, со Записник од Првата седница на Групата за процена, одржана на 10 јануари 2024 година и Предлог на одлука

2. Предлог на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка

3. Предлог на закон за административни службеници, по скратена постапка

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 11 јануари 2024 година, со Записник од Првата седница на Групата за процена, одржана на 10 јануари 2024 година и Предлог на одлука и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 11 јануари 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот на постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, е во траење од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка на затворската полиција во Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

5. Се задолжува Министерството за здравство да организира поддршка на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово со здравствен персонал од општа, стоматолошка и медицина на трудот за времетраењето на кризната состојба.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди психолози во Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово заради поддршка од областа на психосоцијалната заштита за времетраењето на кризната состојба.

7. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни наменски финансиски средства за огради во затворот и друга опрема (униформи, лисици, радио врски, пендреци, блокатори и слично).

8. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

9. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во поддршка на полицијата за справувањето со кризната состојба.

10. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко

општество и администрација, а за повереник д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и м-р Есма Адиловиќ-Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за административни службеници, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и м-р Есма Адиловиќ-Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше предлози

**<u>Точка 5</u>**

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за административни службеници, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.41-356/20 од 6 декември 2023 година.

**2.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-355/9 од 6 декември 2023 година.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**